ДО

Општина Демир Хисар

Почитувани,

Ова е официјален допис со барање за собирање на информации.

[redacted] е независен аналитички центар, тинк-танк организација, со седиште во [redacted] Северна Македонија, кој е посветен на проучување, истражување и анализа на меѓународни работи и надворешна политика, како и за европски прашања и европеизација.

Првиот проект кој [redacted] ќе го спроведе е **Интернационален Импакт Индекс (International Impact Index)** или **3I Index,** кој е синтетички индекс осмислен да ја мери и утврдува проекцијата на различни држави. Индексот има за цел да го мери присуството на различни држави во Северна Македонија, преку економска, политичка и културна димензија. Индексот на присуство се пресметува врз основа на објективни и јавно достапни информации.

Главната цел на проектот е да се придонесе кон зголемување на разбирањето на надворешната политика како и пристапот кон глобализацијата и европеизацијата. Во истражувањето ќе бидат опфатени повеќе од 30 држави на светско ниво. Присуството ќе се мери на годишно ниво, а наодите ќе бидат објавени во извештај и визуелизирани на веб-платформа.

За успешна имплементација на проектот потребна ни е вашата асистенција.

Ве молиме да ги потврдите следните информации:

1. Збратимени општини:
    - Гек, Унгарија;
2. Ве молиме да ги наведете годините на збратимување на сите општини поединечно.
3. Доколку има збратимувања со општини кои не се на листата ве молиме да ги наведете и нив, како и годините во кои биле потпишани тие збратимувања.

Доколку ви се потребни дополителни информации, ве молиме контактирајте не.

Поради природата и карактерот на проектот а со цел на успешно имплементирање на истиот, ве молиме да ни ги доставите бараните информации до 21 Мај 2020.

Средечен поздрав,

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар
---------------------------------------------
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-475/2
18.05.2019
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**За позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Член 1**

На ден 14.05.2020 година [redacted], во својство на барател на информација од јавен карактер, до Општина Демир Хисар, во својство на имател на инфомации, достави барање за пристап до информации од јавен карактер.

Барањето е заведено во архивата на Општина Демир Хисар со број 09-475/1 на 15.05.2020 година.

**Член 2**

Поради непостоење на законски пречки, барањето позитивно се одговара и во законски предвиденот рок ќе се достави до барателот на начин и форма кои ги има наведено во барањето.

Составен дел на ова Решение е бараната информација од јавен карактер бр.09-475/3 од 18.05.2020 година.

**Член 3**

Решението стапува во сила со денот на неговото донесување.

Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер на Општина Демир Хисар
м-р Игор Дамјаноски

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар
-------------------------------------------
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-475/3
18 .05.2020
Демир Хисар


Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk


До
[redacted]

**Предмет:** Доставување на информација од јавен карактер,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Демир Хисар на 14.05.2020 година, заведено во архива на Општина Демир Хисар на 15.05.2020 година под број 09-475/1, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесе Решение за позитивен одговор на Вашето барање и врз основа на тоа, Ви ги доставуваме бараните информации:

-Општина Демир Хисар нема потпишано акт за збратимување со ниту една општина, вклучително и Гек, Унгарија која ја имате наведено во барањето.

Прилог:
-Решение за позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер бр.09-475/2 од 18.05.2020 година

**Изработил,**
м-р Игор Дамјаноски, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски